РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-252/9
20.12.2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 14. седница одржана на 28.11.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## со кое се акредитира студиската програма на првиот циклус на студии по психологија на Факултет за психологија при МИТ Универзитет - Скопје

1. Се акредитира студиската програма **на прв циклус универзитетски студии по психологија на Факултет за психологија при МИТ Универзитет - Скопје ,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за првиот циклус универзитетски студии по Психологија, во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран психолог,** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, научно истражувачко поле: Психологија, Научна област : повеќе области од наведеното поле

.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за психологија при МИТ Универзитет Скопје по претходно донесента одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на студиската програма по психологија, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Ректорската управа, достави елаборат до Одборот за акредитација со бр.15-252/1 од 20.06.2011 година

Одборот за акредитација на својата 28 седница одржана на 21.06.2011 година формира експертска комисија и на 14. седница одржана на 28.11.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**